## Апстракт

*Стратегискиот менаџмент претставува современа управувачка дисциплина, што овозможува ефикасно дејствување во многу области од човечкиот живот и работа.*

*За да дојде до определени резултати, секоја организација треба да има јасно поставени стратегиски цели, но и начини како ќе ги постигне. Успешното спроведување (имплементирање) на стратегиските цели во динамично и променливо окружување, во коешто опстојуваат и работат организациите, зависи од низа фактори што, всушност, се предмет на истражување на овој труд.*

*Една од основните задачи на секој лидер е да управува со организацијата во постојното окружување, да донесува бројни одлуки и да презема чекори што ќе ја поддржуваат стратегиската имплементација, преку креирање на организациска архитектура и модели на лидерство. Истражувачка цел на овој труд се организациите од јавниот сектор.*

*Главни предизвици, што денес се јавуваат пред организациите од јавниот сектор во Република Македонија, се реформите и лесниот пристап на сите корисници кон услугите што ги дава токму јавниот сектор. Јавниот сектор во Република Македонија треба да биде главна придвижувачка сила за промените што се случуваат во овој период во нашата држава, за таа да стане цивилно и демократско општество.*

*Клучни зборови: стратегија, менаџмент, имплементација (спроведување) , структура, лидерство.*

**ABSTRACT**

*Strategy management represents modern managing discipline, which enables efficient operating in many aspects in human's life and work.*

*Every company should have clear aims and ways how to achieve certain goal. The successful implementation of the strategy goals, in dynamic and changeable surroundings, in which companies exsist and work, depends on number of factors which are issue of research in this work.*

*One of the basic tasks of every leader is to manage a company in that surroundings, to make number of decisions and to act in supporting the strategy implementation. Main goal of this work are the companies from the public sector.*

*The challanges that today appear in front of the companies from the public sector in R. Macedonia are the reforms and the availability of the services that the public sector gives. The public sector should be the main force for the changes that are present in our country, so it could become civil and democratic society.*

*Key words: strategy, management, implementation, structure, lidership.*